МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕНЕРГЕТИКА,
РУДАРСТВО И МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ

Арх. Број: 04-10673/15
Датум: 20.-10-2026 2026 година

Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), државниот секретар на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, ја донесе следната:

О Д Л У К А
За избор на кандидат за вработување по јавен оглас

1.По јавниот оглас бр.623/2026 за вработување на административен службеник во Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини на работно место Виш соработник за административни работи, во одделение за административни работи, Сектор за општи и административни работи и шифра на работно место УПР0101В02000 се избира кандидатот:

-Ивана Маневска.

2.Раководното лице на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, во рок од 5 дена од конечноста на оваа одлука ќе донесе решение за вработување на кандидатот од точка 1 од оваа одлука.

3.Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

На ден 09.09.2026 година во дневните весници Нова Македонија, Вечер и Коха, како и на интернет страницата на Агенцијата за администрација беше објавен јавен оглас за вработување на административен службеник во Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини за работно место Виш соработник за административни работи, во одделение за административни работи, Сектор за општи и административни работи.

За спроведување на постапката за за вработување по објавениот јавен оглас бр.623/2026, Директорот на Агенцијата за администрација со решение бр.10-2044/3 од 16.09.2026 година формираше Комисија за селекција за вработување по јавен оглас, која спроведе административна селекција за административен службеник и сочини записник бр.10-2044/4 од 24.09.2026 година, по што Комисијата спроведе испит за административен службеник и за истиот состави записник бр.10-2044/6 од 08.10.2026 година, а на 14.10.2026 година спроведе проверка на веродостојност на докази и интервју за што е сочинет записник бр.10-2044/7 од 14.10.2026 година.

Врз основа на спроведените фази од постапката за вработување на административен службеник, до Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини доставена е конечна ранг листа на кандидати од сите фази на

Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини
Ул. „Македонија" бр. 27, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3131062
+389 2 3150033
www.energy.gov.mk

селекција за вработување и Предлог за вработување на кандидати по јавен оглас 623/2026 со арх.бр.10-2044/8 од 15.10.2026 година.

Согласно член 45 став 1 од Законот за административни службеници, Секретарот, односно раководното лице во институциите во кои не се назначува секретар, во рок од пет дена по добивањето на предлогот од членот 44 ставови (1), (3) или (4) од овој закон е должен да донесе одлука за избор.

Имајќи го во предвид претходно изнесеното, државниот секретар одлучи како во диспозитивот на оваа одлука

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Одлука незадоволниот кандидат може да поднесе жалба до Агенцијата за администратција во рок од 8 дена од денот на објавувањето на веб страната и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР,
Горан Јовановски

Подготвил: Теодора Јовановиќ
Одобрил: Петар Богучевски

Доставено до :
-кандидат,
-Агенција за администрација,
-Архива